Димитар ДИМЕСКИ

# ДИПЛОМАТСКИТЕ АСПЕКТИ НА МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ

# (1878—1903)

1. Источната криза (1875—1878 год.), а посебно Берлинскиот конгрес (1878 год.), го актуализирале т.н. македонско прашање. Ова прашање, дотогаш зачаурено во комплексот на старото Источно прашање, ги пробило неговите рамки и се вселило во дневната политика на европските дипломатски кругови.[1]

Вршејќи ревизија на Сан-Стефанскиот договор, Берлинскиот конгрес, сепак санкционирал крупни промени на политичката карта на Балканот.[2] Тоа, меѓу другото, довело, — Македонија, дотогаш централна област на Европска Турција, да стане нејзина периферија.[3]

Наоѓајќи се на важна геополитичка и стратешка балканска раскрсница[4], со големи природни богатства и недоволно искористени природни ресурси, Македонија не можела а да не стане јаболко на раздорот на европските империјалистички сили. Во неа, евидентно, се крстосувале и испреплетувале империјалистичките интереси на европските сили. Оттаму резултираат јаловите кроежи на судбината на Македонија

---

[1] Cf. Христо Андонов-Полјански, Дипломатските аспекти на македонското прашање во становиштата на Крсте Мисирков, — Зборник К. Мисирков (Материјали, од Симпозиумот одржан во 1966). Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков" Скопје, 1966, 56—57; Христо Андонов Полјански, Европските држави и македонското прашање, сп. Историја, VIII/1, Скопје, 1972, 25—40; A. Krainikowsky, La Question de Macedoine et la Diplomatie Europénne, Paris, 1938, 69, 87.

Не е точно гледиштето презентирано во Мемоарот на Внатрешната организација дека македонското прашање е „несреќна рожба" на Берлинскиот конгрес. (Македония и Одринско, Мемоаръ на Внатрешната организация, (1893—1903) 1904 г., 13); Ова неправилно гледиште го прифатил и Силјанов. Cf Христо Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, т. 1, София, 1933, 7.

[2] Поопширно види: Берлински договор во кн.: Международни актове и договори (1648—1918 г.), съставила (редактор, м.б.) доц. Слава Стефанова, София, 1958, 155—168.

[3] Историја на македонскиот народ, ИНИ-НИП „Нова Македонија", кн. II, Скопје, 1963, 93.

[4] Овде, пред сѐ, треба да се има предвид Моравско-Вардарската долина.

Cf. Данчо Зографски, Големите сили и Балканот во почетокот на XX в. (1900—1914), сп. Г ИНИ, XIV/2—3, Скопје, 1970, 56.

од страна на европската дипломатија во време на Источната криза, а посебно за време на прелиминарните преговори во предвечерјето на Берлинскиот конгрес.[5] Не можејќи да ги усогласат своите гледишта по македонското прашање, европските империјалистички сили на Берлинскиот конгрес молкум минале преку животните интереси на поробениот македонски народ, толку јасно персонифицирани во Разловечкото востание[6], — и ја оставиле Македонија и натаму да тлее под турската тиранија.

Според чл. 23 од Берлинскиот договор Турција се задолжувала да воведе во Македонија административна автономија врз база на посебно изработен устав сообразен со Критскиот органски устав од 1868 година. Споменатиов член е, речиси, идентичен со чл. 15 од Сан-Стефанскиот договор со извесни модификации, пред сè, сврзани за неговата територијална примена.[7]

Настаните во Македонија непосредно по Берлинскиот конгрес[8], во прв ред, Кресненско-Разлошкото востание[9] и Демирхисарскиот заговор,[10] најдобро ја илустрираат реакцијата на македонскиот народ на одредбите од Берлинскиот трактат.[10а]

2. Во април 1880 година Портата го издала т.н. „Закон за вилаетите", известувајќи ги притоа владите на европските сили дека со тоа ги исполнила обврските сврзани со чл. 23 од Берлинскиот договор.[11] Во мај истата година се состанала Меѓународната комисија во Цариград и констатирала во споменатиот закон бројни отстапувања од Критскиот устав од 1868 година.[12]

Токму од ова време датира Меморандумот на т.н. Привремена влада на Македонија упатен до солунските конзули — за итна примена на чл. 23 од Берлинскиот договор.[13] Тоа предизвикало остро реагирање

---

[5] Cf. Христо Андонов Полјански, Сан Стефанска Бугарија, — Ненаучно толкување на македонската историја, Култура, Скопје, 1968.

[6] Cf. Љубен Лапе; — Разловечкото востание во 1876 год., Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје, т. III, Скопје, 1950, 1—30;

— Разловечкото востание во 1876 год. и личноста на неговиот организатор Д. П. Георгиев Беровски, ИНИ, Скопје, 1976.

[7] Международни актове и договори.. , 151; 161.

[8] Cf. Историја на македонскиот народ, т. II..., 93—95.

[9] Cf. Д-р Иван Катарџиев, Серската област (1780—1879 г.), Скопје, 198—255.

[10] Cf. Историја на македонскиот народ, т. II..., 103—106; Љубен Лапе, Одбрани текстови за историјата на македонскиот наорд, II дел, (Трето издание), Скоп-1976, 258—263; Милојко Веселиновић, Брсјачка буна године 1880 у Битољском вилајету и Војвода Мицко, Београд, 1905, 1—54.

[10а] Cf. Љубен Лапе, Внатрешната положба во Македонија за време на Источна та криза, — Зборник: Македонија во Источната криза (1875—1881), МАНУ, Скопје, 1978, 23—49.

[11] Македония и Одринско, Мемоаръ..., 9.

[12] Ibidem.

[13] Овој Меморандум бил доставен во форма на „протоколно решение на националното собрание на Македонија" (Љ. Лапе, Одбрани текстови..., II, 250—251). Cf. Христо Андоновски, Привремената владат на Македонија (мај—јуни 1880 г.), — зборн. Македонија во Источната криза (1875—1881), МАНУ, Скопје, 1978, 369—382.

и осуда во егзархиските кругови. На сигнал од Егзархијата почнале повторно да пристигаат идентични претставки од егзархиските епархии и црковно-школски општини во Македонија — адресирани до претседателот на Меѓународната комисија за изработка на реформи согласно чл. 23 од Берлинскиот договор.[14] Такви претставки биле испратени од Воден (15 јули, ст. стил, 1880 год.), Костур (16 јули,) Велес (20 јули), Солун (20 јули), Кукуш (24 јули), Дебар (25 јули)[15] и Штип[16] Во нив се барало Меѓународната комисија да ги заштити и обезбеди политичките и религиозни права на „бугарскиот" елемент во Македонија од посегањата на елинизмот согласно чл. 23 и 62 од Берлинскиот договор. Во нив се осудувала „Привремената македонска влада со симбол 'Македонија, Епир, Тесалија и Кандија' составена од шест потполно енигматски и непознати нам личности со цел да ги заштити интересите на елинизмот", како и споменатиот Меморандум на таа влада упатен до Големите сили. Особено била критикувана поставката „во случај ако не се земат под внимание нејзините неосновани и фалшиви претензии, дека таа била натоварена од некакво си фантастичко и по се непостојно Народно македонско собрание да преземе семожни бунтовнички мерки и да го потстрекнува населението — за да го придобие своето политичко право со помошта на оружјето . . ."[17]

Меѓународната комисија ги примила молбите, претставките и петициите на знаење и пристапила кон ревизија на „Законот за вилаетите". Европската комисија во текот на 16 седници одржани во јуни и август 1880 година извршила ревизија на споменатиот закон и внесла доста измени. Новиот проект наречен „Нов закон за европските вилаети во Турција" и бил поднесен на Портата на санкционирање. Со тоа работата на Меѓународната комисија завршила.[18]

Меѓутоа, Законот ја доживеал судбината на бројни турски државноправни акти, останувајќи мртва буква на хартија. Со тоа и формално бил погребен член 23 од Берлинскиот договор.[19]

3. На 6/18 јуни 1881 година во Берлин бил возобновен т.н. Сојуз на тројцата императори помеѓу Русија, Германија и Австро-Унга-

---

[14] И. Г. Сенкевич, Документи од историјата на Македонија во архивата на М А. Хитрово, сп. Г ИНИ, X/1, Скопје, 1966, 183.

[15] М — 1048 (руски микрофилм). Фонд: Архив на Хитрово), Архив на Македонија — Скопје.

[16] Меѓутоа, кај Сенкевич, покрај споменативе градови, фигурира и Штип. Cf. И. Г. Сенкевич, Idem 183.

[17] До Неговото Превосходителство Господина Председателя на Международната коммисия зарадъ предписанитѣ реформи според 23 чл. от Берлинския договоръ, Дебъръ, 25 юлий 1880, М-1048, Архив на Македонија Скопје.

[18] Мекедония и Одринско, Мемоаръ . . . , 9—10.

[19] Ibidem.

Хр. Силяновъ, op. cit., 12—13.

рија.[20] Според чл. II на споменатиот договор, трите двора се обврзале да не го нарушуваат територијалното status-quo на Европска Турција, освен по взаемна согласност. Во протоколот кон овој договор била дадена можноста за обединување на Кнежевството Бугарија со Источна Румелија. По однос на македонското прашање трите дипломатии, имајќи ги предвид агресивните стремежи и планови на бугарската буржоазија, се согласиле „да ги отргнат Бугарите од секакви агресивни дејства спрема соседните области, а имено (спрема, м.б.) Македонија."[21]

Десетина дена подоцна, на 16/28 јуни 1881година била склучена Тајна конвенција помеѓу Австро-Унгарија и Србија. Притоа овде најдобро дошла до израз дволичноста на Австро-Унгарија по однос на Македонија. За сметка на загуба на политичката независност, Србија, според чл. 7, добила одврзани раце за територијални проширувања во областа на јужните граници, респективно и во Македонија.[22] Со тоа Австро-Унгарија целела преку својот политички пион да го измени status-quo-то на Балканот, со што влегла во колизија со Троцарската спогодба склучена една декада порано. Ова евидентно покажува колку искрени и стабилни биле империјалистичките договори од ваков вид.

Истата 1881 година, на 20 декември бил издаден т.н. Мухаремски декрет за отоманскиот државен долг. Со овој декрет Турција и формално добила полуколонијален статус. Нејзините финансии паднале под контрола и немилосрдна експлоатација на француските,англиските, германските, австро-унгарските и италијанските кредитори.[23] Тоа секако придонесло за зачувувањето на status-quo-то на Балканот, но тоа не ја спречило борбата за проширување на сферите на влијанија на империјалистичките сили ова поодрачје. Во меѓувреме, Франција и Англија ја искористиле можноста за колонијален грабеж на два крупни африкански поседи на „Болниот на Босфорот". Така дошло до францускиот протекторат на Тунис (1881 год.) и англиската окупација на Египет (1882 год.)[24]

---

[20] Фактички темелите на споменатиот Сојуз се поставени на 25 мај/6 јуни 1873 година. Споменатиов договор бил подновен во 1884 год. Cf. Меѓународни активе и договори . . . , 178—9.

Меѓутоа, „за разлика од договорот од 1873 година, кој бил консултативен пакт, договорот од 1881 година претставувал, пред сè, согласност за неутралитет". (История дипломатии, т. II, Дипломатия в Новое время (1872—1919 г) — под редакцей В. П. Потёмкина, Москва—Ленинград, 1945, 58).

[21] Меѓународни актове и договори . . . , 179.

[22] Меѓународни актове и договори . . . , 169.

Споменатава конвенција била склучена за рок од 10 години. Во февруари 1889 година нејзината важност била продолжена до 13 јануари 1895 година. Cf. Академик Ф. А. Ротштейн, Международные отношения в конце XIX века, Издательство Академии наук СССР, Москва—Ленинград, 1960, 98, ф. 141.

[23] Меѓународни актове и договори . . . , 200.

[24] Cf. Б. Данциг, Турция, Москва, 1947, 32;

А. Д. Новичев, Турция (Краткая история), Москва, 1965, 108.

История дипломатии, т. II. . . , 63, 70.

Трката за колонии и борбата за политичка и економска превласт во светот, — карактеристични за епохата на империјализмот, биле во полн разгор. Во таа луда трка за престиж, различните интереси антагонизми довеле до групирање на европските сили во два империјалистички блока. Првиот империјалистички пакт т.н. Троен сојуз помеѓу Германија, Австро-Унгарија и Италија е формиран 1882 година.[25] Деценија подоцна Русија и Франција го формирле т.н. Двоен сојуз (1891—93 год.)[26], кој претставувал окосница на подоцнежната Антанта. Во меѓувреме, Англија се повлекла во т.н. „сјајна изолација" со единствена цел врз база на противречностите на блоковите да ја гради својата светска доминација.[27] Таа своја политика Англија ќе мора да ја коригира во почетокот на XX век под притисок на актуелната империјалистичка парола за нова прераспределба на светот.

Имено, до крајот на минатиот век, светот бил, главно, поделен. Притоа најмногу заграбиле старите капиталистички сили. Младите империјалистички сили единствен излез за својата експанзија гледале во нова поделба на светот. Тоа довело до првите империјалистички војни за повторната поделба на светот. Така, со војната помеѓу САД и Шпанија во 1898 год. била отворена ерата на империјалистичките војни за прераспределба на светот[28] со што бил трасиран патот на Првата светска војна.

Ваквата меѓународна констелација усложнета со блоковската поделеност на европските империјалистички сили нужно го налагала зачувувањето целоста на Европска Турција. Секакво нарушување на status-quo-то во таква невралгична регија како што е Балканот, каде се вкрстувале противречните интереси на европските сили, било обременето со опасноста од меѓусебен конфликт со несогледливи последици. Неподготвеноста на европските сили за меѓусебна пресметка налагала да не се отвора т.н. Источно прашање, што, аналогно, довело до заледување на конечното разрешување на македонското прашање на европската дипломатска сцена.

Меѓутоа, европските сили, откако економски ја подјармиле Турција, почнале отворено да се мешаат во нејзините внатрешни работи. Притоа дошле до израз нивните акции за стекнување што подобри позиции во сè уште неподеленото „наследство" на „Болниот на Босфорот". Паралелно со тоа се одвивале и нивните акции за економска и политичка доминација над малите балкански држави. Притоа предничеле Австро-Унгарија и Русија.[29]

---

[25] На Тројниот сојуз му претходел Австроунгарско-Германскиот сојуз базиран врз Виенскиот договор од 7 октомври 1879 година. Cf. Меѓународние актове и договори . . ., 287—293.

[26] История дипломатии, т. II . . ., под редакц. Потёмкина . . ., 104—106; Џ. П. Гуч, Дипломатска историја модерне Европе (1878—1919), Превео Јов. М. Јовановић, Београд, 1933, 146—154.

[27] Меѓународни актовеи договори . . ., 239.

[28] Ibidem.

[29] Христо Аноднов Полјански, Европските држави и македонското прашање, сп. Историја, VIII/1, Скопје, 1972, 33.

Главните аспиранти на балканското поднебје, Русија и Австро-Унгарија во август 1886 година ја предизвикале т.н. Втора балканска криза во врска со династичкиот превврат во Бугарија.[30] Австро-Унгарија истакнала дека евентуална руска воена интервенција во Бугарија ќе го наруши Берлинскиот договор и поради тоа се заканила дека во тој случај „ќе заземе решителна позиција". Во ноември 1886 година англискиот претседател на владата лордот Солзбери изјавил дека „Англија ќе застане на страната на Австро-Унгарија, доколку последната биде принудена да истапи по бугарското прашање против Русија".[31] Споменатава криза повлијаела Русија да не ја возобнови Троцарската спогодба[32], а само да случи сепаратна спогодба со Германија на 18 јуни 1887 год.[33]

Берлинскиот конгрес и т.н. Втора балканска криза покажале на неповолната меѓународна клима која го неутрализирала руското директно мешање во балканските работи. Поради тоа, руската царска политика, одејќи по линија на помал отпор, го свртела своето внимание кон Исток (Средна и Источна Азија), оставајќи го Источното прашање на втор план.[34]

Во меѓувреме Австро-Унгарија ги зацврстувала своите позиции во Босна и Херцеговина и Новопазарскиот санџак, подготвувајќи терен за анексија на Босна и Херцеговина.[35] Притоа мечтаела за Вардарската долина[36] и Солунската ривиера, сметајќи дека со тоа најлесно ќе може да му парира на германскиот експанзионистички продор кон Исток и да го зачува својот загрозен третман на Голема сила.

Плановите за поделба на Османската империја, во прв ред, англискиот од 1895 година, германската варијанта на англискиот план, рускиот план од 1896 и австриското од 1898 година,[37] биле далеку од својата практична реализација.

Во таква империјалистичка клима познатата Гледстонова девиза од 1897 година: „Македонија на Македонците"[38] не наишла на позитивен одраз во европските дипломатски кругови.

---

[30] Cf. Второй балканский кризис, — Ф. А. Ротштейн, op. cit.' 133—4.

[31] Ibidem.

[32] Cf. ф. 20.

[33] Международни актове и договори..., 289.

[34] Cf. Ф. А. Ротштейн, op. cit., 174—176.

[35] Според чл. 1 од Протоколот, приклучен кон Договорот за „Сојузот на тројцата императори" од 1881 година, Австро Унгарија си го зачувала правото да ги анектира Б и Х соодветен момент. (Международни актове и договори..., 180).

[36] Меродавните фактори во Виена постојано истакнувале дека „Моравско-Вардарската долина како главна сообраќајна артерија на Балканот е од првостепена важност за Австро-Унгарија". (Проф. д-р Данчо Зографски, Големите сили и Балканот во почетокот па XX век/1900—1914 год./, сп. Г. ИНИ, XIV/2—3, Скопје, 1970, 56).

[37] Поопширно види: Михајло Миноски, Македонија како интересно подрачје на Хабзбуршката монархија во плановите и договорите за поделба на Османската империја (1686—1898 г.,), сп. Г ИНИ, XVIII/2, Скопје,1974 72—78.

[38] Cf. Х. Андонов-Полјански, Вилијам Гледстон за македонското прашање, сп. Историја, V/2, Скопје, 1969,55—61.

Противречните интереси, блоковската поделеност и неподготвеноста за меѓусебна воена конфронтација довеле до нова спогодба на главните ривали на Балканот. Според австроунгарско-руската спогодба склучена во мај 1897 година, „се востановувало потполно откажување на двете држави од какви и да се освојувачки намери на Балканот во случај на промени на status-quo-то, — и решеност да ги натераат и другите Големи држави да го уважат тој принцип".[39]

Расчекорот на надворешните можности и внатрешните желби придонел македонското прашање да стане „монета за поткусурување" во рацете на руската[40] и австро-унгарската дипломатија. Ако веќе не можеле лично да ги усогласат своите ставови по тоа прашање, тие со него вешто манипулирале, користејќи ја лакомоста на балканските буржоазии кон Македонија — за наметнување на своето политичко влијание во балканските држави. Ова особено се однесува на Кралството Србија и Кнежевството Бугарија. Австро-Унгарија, односно Русија, во замена за својата политичка, а често пати и економска доминација во дотичната земја, и помагале на дотичната буржоазија по дипломатски пат да добие одредени привилегии и политички отстапки од Портата по однос на Македонија, а во врска со нејзината пропагандна машинерија. Постои индиција дека во 1898 година била склучена Тајна конвенција помеѓу Австро-Унгарија и Бугарија.[41]

Во креирањето на ваквата австро-унгарска и руска политика, несомнено, знатен бил уделот на дипломатиите на двете земји. Во третираниов период (1878—1903 год.), руската дипломатија ја предводеле: Горчаков, Гирс, Лобанов-Ростовски, Муравјев и Ламздорф, а на чело на австро-унгарската дипломатија се наоѓале: Андраши, Хајмерле, Калноки и Голуховски.[42]

4. Покрај интересите на европските сили, во Македонија биле вкрстени погледите и интересите на четири балкански држави и Романија. Во прв план доаѓале претензиите на Кнежевството Бугарија,

---

[39] Ф. А. Ротштеин, op. cit., 395.

[40] Э. Палоташ, Из дипломатической истории македонского вопроса на исходе XIX века, — Annales Universitatis scientiarum Budapestinensis de Rolando, Eötvös nominatae-sectio historica, tom, V, Budapest, 1963, 122.

[41] Рецензирајќи ја книгата „Вистината за Бугарија" од Алексанар Кипров, бивш пратеник и секретар на Народното собрание во Софија, д-р Момчило Иванић врз база на говорот на Кабакчиев во Бугарското Народно собрание што бил забележан во стенографските дневници од седниците на Собранието во 1914 година, го обелоденува на српската јавност постоењето на ваква конвенција. (Подлистак „Истина о Бугарској", — Српске новине, службени весник краљевине Србије, субота 13 маја 1917 године у Крфу, г. LXXXIV/бр. 57, 2). Засега не сме во можност да ја потврдиме горнава констатација со поверодостојни податоци.

Во споменатиов напис, меѓу другото, се истакнува: „Бугарија со оваа конвенција и ја отстапувала на Австро-Унгарија цела Македонија источно од Родопите и р. Струма во случај да дојде до некаква поделба на Европска Турција, (и) второ, Австро-Унгарија се обврзувала со оваа конвенција да и помогне на Бугарија, за оваа на штета на Србија да ја добие територијата на Србија источно од Морава".

Сепак, се чини, дека е далеку пореално конвенцијава да се однесувала на македонската територија западно, а не источно од р. Струма.

[42] Cf. Акад. Ф. А. Ротштеин, op. cit., 652—701.

Кралството Србија и Кралството Грција, а во втор план доаѓале интересите на Кралството Романија и Кнежевството Црна Гора.[43]

Преку своите пропагандни апарати Бугарија, Грција, Србија и Романија се бореле за престиж во Македонија. Дипломатиите на споменативе земји биле ставени во служба на дневната политика на нивните пропаганди. Особено дипломатиите на Бугарија и Србија биле свртени кон добивање одредени привилегии и отстапки од Портата кои воделе кон ширење на нивните пропаганди сфери. Балканските буржоазии преку своите пропаганди целеле да стекнат доминантни позиции во Македонија, со што, перспективно, би си го обезбедиле целиот плен, или бар подоброто парче од пленот наречен Македонија.[44]

Најголеми биле аспирациите на бугарската буржоазија, кои ги надраснувале одредбите на Сан-Стефанскиот диктат, опфаќајќи ја Македонија во нејзината природна географска целина.[45] Затоа и крахирале започнатите преговори помеѓу грчките и бугарските дипломатски претставници во Букурешт и Цариград за поделба на интересни сфери во Македонија, со што пропаднал планираниот сојуз меѓу двете земји, кој бил предвиден да се склучи за време на посетата на кнез Александар Батемберг на Атина во мај 1883 година.[46]

Откако со Топханенскиот акт од 5 април 1886 година било санкционирано обединувањето на Кнежевството Бугарија со Источна Румелија извршено во 1885 година[47], бугарската буржоазија добила одврзани раце за конкретен пристап кон македонското прашање. Лесницата со која било извршено обединувањето на Северна со Јужна Бугарија, давала одредени надежи со помош на една разгранета егзархиска мрежа во Македонија да се подготви терен за догледно слично обединување. Меѓутоа, меѓународната изолација на Бугарија за време режимот на Стамболов (1887—1894 год.) знатно го ограничила акциите на бугарската буржоазија по однос на Македонија. Затоа, Стамболовата дипломатија преку својата туркофилска политика се обидела да добие одредени отстапки од Портата во врска со разгранувањето на егзархиската мрежа во Македонија. Таквата политика придонесла, меѓу

---

[43] Cf. Проф. д-р Хенрих Батовски, Балканските држави и македонското прашање пред и по Илинденското востание, зборник Илинден 1903, Материјали од Симпозиумот за Илинденското востание одржан во Охрид 1968 год., Скопје, 1970, 93.

Меѓутоа, не е точно становиштето на Батовски дека Црна Гора во Македонија имала само индиректни интереси „поради својата антиосманска политика и своите односи со Србија". (Х. Батовски, Idem., 93).

Потребно е да се нагласи дека Црна Гора била директно заинтересирана за Дебар. Cf. Слободан Јовановић, Влада Александра Обреновића, књ. I (1889—97 г.), Београд, 1929, 368.

[44] Cf. Димо Хаџи Димов, Македонското ослободително дело, — Д. Х. Димов Македонското прашање, редакција и предговор д-р Гане Тодоровски, Мисла, Скопје, 1974, 45; Проф. д-р Хенрих Батовски, Idem., 94—95.

[45] Cf. Проф. д-р Хенрих Батовски, Idem., 94.

[46] Д-р Ристо Поплазаров, Грчката политика спрема Македонија во втората половина на XIX и почетокот на XX век, ИНИ, Скопје, 1973, 22—23.

[47] Меѓународни актове и договори..., 170.

другото, за издавање на султански берати за егзархиски митрополити во Македонија: во 1890 год. за Скопската и Охридската, а во 1894 год. за Велешката и Неврокопската епархија.[48]

Српските и грчките претензии спрема Македонија, сообразно со можностите, биле далеку поскромни во однос на бугарските. Оттаму и спремноста на српската и грчката буржоазија за компромис и поделба на сфери на влијанија во Македонија. Констернирани од Сан-Стефанскиот договор и од обидите на бугарската буржоазија да го реактуализира, Србија и Грција уште во септември 1885 година се обиделе да изнајдат компромисно разграничување на сферите на влијание во Македонија. Иницијативата била грчка. Грчкиот в. д. пратеник во Белград Назос добил специјални инструкции од Трикуписовата влада за постигнување спогодба со српската влада по однос на македонското прашање.[49]

По неуспехот во српско-бугарската војна од ноември 1885 година[50], српската буржоазија во својата намера што поскоро да најде сојузник по македонското прашање, повторно го свртила својот поглед кон Грција. Српско-грчките дипломатски контакти биле возобновени во Цариград во 1890 година. Меѓутоа, по размената на мислења и предлози не дошло до спогодба на двете страни — по што преговорите помеѓу Новаковиќ—Маврокордатос биле прекинати.[51] Во октомври 1891 година за српски пратеник во Атина бил назначен д-р Владан Ѓорѓевиќ — со специјална мисија да ги продолжи прекинатите преговори со грчката дипломатија.[52] Преговорите продолжиле во средината на 1892 година помеѓу Ѓорѓевиќ и Драгумис, министер за надворешни работи во новата влада на Трикупис. Притоа не можел да биде најден компромис за централната спорна зона на Македонија.[53] Априлскиот државен удар во Србија и падот на Трикуписовата влада во Грција (1893 год.) го оневозможиле натамошниот тек на грчко-српските преговори за разграничување сфери на влијанија во Македонија.[54]

---

[48] М-р Александар Трајановски, Егзархијата и македонското национало ослободително движење (1893—1908 г.) Магистерска теза одбранета на Скопскиот универзитет во 1976 год., ракопис, 32.

[49] Д-р Владан Ђорђевић, Србија и Грчка (1891—93) Прилог за историју српске дипломаиије при крају XIX века, САНУ, Београд, 1923, 9—10.

[50] Војната ја започнал српскиот крал Милан под влијание на Австро-Унгарија по средбата со императорот Франц Јосиф и министерот за надворешни работи Калноки во Виена) со мотиваиија дека Бугарија со приклучувањето на Источна Руме лија го нарушила status-quo-то на Балканот. Cf. Н. Станев, История на нова Бъл гария (1878—1928), София, (1929 г.), 56—61.

Според Миљуков, австриските „полуофиииjални органи директно загатнуваа дека на Србија и е отворен патот кон исток, дури до Софија". (П. Милюковъ, Сръбско-българските отношения по македонския въпросъ, 45, София, Н-1055, руски микрофилм, Архив на Македонија).

Според Слободан Јовановиќ таа војна била „замислена од крал Милан како војна за Македонија". (Сл. Јовановић, op. cit., 90).

[51] Д-р Вл. Ђорђевић, op. cit., 16—30.

[52] Д-р Вл. Ђорђевић, Idem., 44.

[53] Ibidem., 193—261.

[54] Ibidem, 262—269.

Особено била евидентна ескалацијата на акциите на бугарската дипломатија по однос на македонското прашање за време на владата на д-р Константин Стоилов (1894—99 год.)[55] Европските дипломатски кругови просто биле фрапирани од дволичноста и способноста на бугарската дипломатија да ја извитоперува очигледната вистина и приредувана вистински фарси по однос на македонското дело.[56] Бугарската дипломатија, при отсутност на секаков политички морал, се обидела преку бескрупулозното манипулирање со македонското прашање да ги реализира своите великобугарски државни цели.[57] Македонската емиграција и македонските емигантски друштва во Бугарија, кои по паѓањето на Стамболовиот режим прилично живнале, почнале преку митинзи, петиции и протести да се обидуваат да го покренат македонското прашање на европската дипломатска сцена.[58] Меѓутоа, сето тоа, како и Китанчевата Мелничка авантура во 1895 година, единствено и користело на бугарската дипломатија за изнудување европско дипломатско признавање на кнезот Фердинанд Кобуршки и за создавање на фамата дека Бугарија е основниот чинител и главниот гарант за мирот во Македонија.[59]

Пред очите на Портата лебдела опасноста од европска интервенција поради несредената турска внатрешно-политичка положба, ерменските настани (1894—96 год.) и донекаде Мелничкото „востание". Особено алармантна била англиската упорност за реализирање на чл. 61 од Берлинскиот договор со кој се предвидувале реформи во еремнските вилаети. За да ја замаскира донекаде настанатата ситуација и да го скрене вниманието на европските политички кругови, султанот во 1896 година издал ираде за реформи во румелиските вилаети.[60]

Доаѓајќи на чело на српската влада во средината на 1895 година, — Стојан Новаковиќ радикално раскрстил со старата традиционална

---

[55] Cf. Крсте Битоски, Околу прашањето за воведување реформи во Македонија 1902—3 год., сп. Историја, XII/2—1, Скопје, 1976, 142—143.

[56] Cf. Д-р Крсте Битоски, Македонија и Кнежевството Бугарија (1893—1903 г.), ИНИ, Скопје, 1977, 44—47.

[57] Брилијантен пример за таквата дипломатска игра дава случајот со Мелничкото „востание".

[58] Д-р К. Битоски, op. cit., 20—34.

[59] Според Димо Хаџи-Димов, кнезот Фердинанд се занесувал со „соблазнителната мисла да покаже пред светот дека го држи во свои раце мирот на Балканскиот Полуостров". (Д. Х. Димов, Две струи, — Д. Х. Димов, Македонското прашање, Скопје, 1974, 146).

[60] Тешко е прифатливо глеипштето на д-р Иван Катарџиев и д-р Крсте Битоски дека султанот единствено поради бугарскиот притисок го издал ирадето за реформи во 1896 година. Cf. Историја на македонскиот народ. т. II . . . , 169—170; Др- К. Битоски, op. cit., 63.

Според Силјанов, султанот го издал ирадето за реформи „за да го осуети сврзувањето на двете прашања" (македонското и ерменското, м. б.) Хр. Силяновъ, op. cit, 62.

Емил Палоташ во својата студија истакнува: „Во периодот на блискоисточната криза 1895—97 година проблемот на Македонија не бил уште централно прашање. Своето главно внимание големите држави го свртиле на ерменските и критските настани". (Э. Палоташ, Idem., 125).

напредњачка австрофилска политика, пред се, поради Македонија.[61] Владата на Стојан Новаковиќ, русофилски обоена, се задржала на српската политичка сцена до крајот на 1896 година. Благодарејќи на својата туркофилска ориентација и русофилски колорит, Новаковиќевата влада успеала до добие од Портата извесни концесии во Османската империја на црковно-просветен план.[62]

Во пролетта 1896 година, под влијание на Русија, бил направен обид за српско-бугарско-црногорско зближување. Меѓутоа, работата се свела само на куртоазните посети на кнез Фердинанд Кобуршки и црногорскиот кнез Никола на Белград.[63]

Релативно добрите грчко-турски односи биле поматени во 1896 и почетокот на 1897 година во врска со критските настани.[64]

Сложената меѓународна ситуација повлијаела бугарската влада на д-р Константин Стоилов да побара сојузници за ново покренување на македонското прашање на европската дипломатска сцена во 1897 година. Меѓутоа, бугарската иницијатива на двапати била ладно одбиена од страна на владите во Атина и Белград, пред се, поради неспремноста на Бугарија за поделба на сфери на влијанија во Македонија.[65] Сепак, во предвечерјето на грчко-турската војна од 1897 година била склучена српско-бугарска спогодба (т.н. „Угодба" од 19 февруари)[66] која директно ги тангирала интересите на македонскиот народ. Спогодбата, која била, пред се, насочена кон зачувување status-quo-то на Турција, — давала можност за спогодбено разгледување на сите прашања сврзани за српско-бугарските интереси во Турција. Покрај тоа, било предвидено двете влади, додека не ги разграничат и утврдат со посебна спогодба своите интересни сфери во Турција, меѓусебно да не си пречат и взаемно да си помагаат на пропаганден план. На крајот, со посебна клаузула, било предвидено да се покани кнезот на Црна Гора да се приклучи кон оваа спогодба.[67] Споменатата спогодба била постигната под притисок на руската и австроунгарската дипломатија.[68] Средбата помеѓу црногорскиот кнез Никола и српскиот крал Алексанар Обреновиќ во април 1897 година не довела до приклучување на Црна Гора кон српско-бугарската спогодба. Наместо тоа, кнезот Никола инсистирал на склучување сепаратна српско-црногорска спогодба со која би се разграничиле српските и црногорските сфери на влијание во Отоманската империја. Притоа, меѓу другото, Црна Гора претендирала и на Дебар. Србија не се согласила и ја отфрлила црногорската иницијатива.[69]

---

[61] Сл. Јовановић, op. cit., I, 327—8.
[62] Сл. Јовановић, Idem., 330—2.
[63] Ibidem., 333—335.
[64] Cf. Э. Палоташ, Idem., 117, 128.
[65] Д-р Крсте Битоски, op. cit., 91—93.
[66] Сл. Јовановић, op. cit., I, 367.
Историја на македонскит народ . . . , II, 212.
[67] Cf. Д-р. К. Битоски, op. cit., 94—95.
[68] Сл. Јовановић, op. cit., I, 366—367.
[69] Ibidem., 367—8.

Бугарија и Србија, благодарејќи на својата неутралност за време на грчко-турската војна од 1897 година, успеале да извлечат од Портата знатни отстапки во врска со разгранувањето на нивните пропагандни апарати во Македонија. Така, Бугарија добила три владички берати за Битолската, Дебарската и Струмичката епархија, како и дозволи за отворање на пет трговски агентства во Сер, Солун, Битола, Скопје и Дедеагач. Со тоа позициите на бугарската пропаганда во Македонија знатно зајакнале.[70] Знатни биле и придобивките што ги извојувала од Портата српската Симиќева дипломатија. Портата доволила отворање на српски школи во Битолскиот и Солунскиот вилает. Покрај тоа, српскиот архимандрит Фирмилијан бил назначен за администратор на Скопската патријаршиска епархија, заземајќи го така местото на протераниот патријаршиски владика Амвросие. Притоа се отворала можност за добивање и владички ферман за Фирмилијан.[71]

5. Автономијата на островот Крит, што се јавила како последица од грчко-турската војна, имала во почетокот формален карактер. Фактички на островот доминирал режим на странска воена окупација, иако со органскиот статут од декември 1897 година Крит стекнал право на своја законодавна и извршна власт на чело со генерал-губернатор (врховен комесар)[72] Меѓутоа, и таква каква била, автономијата на островот Крит не можела, а да не ги возбуди духовите во поробените области под Турција, а со самото тоа и буржоазиите на соседните балкански држави.[73]

Во почетокот на 1899 година Врховниот комитет и предложил на европската дипломатија т.н. „Проект за воведување реформи во Македонија за постигање пацификација на разбунтуваното христијанско население". Проектот содржел 12 точки. Во него, по примерот на Крит, се предвидувало создавање автономна област од македонските вилаети на чело со генерален гувернер со петгодишен мандат. Покрај тоа, се предвидувало Обласно собрание и обласна жандармерија. Според чл. 9 буџетот и даноците во областа се одредуваат од Обласното собрание. 25% од доходите во Областа се внесуваат во општа државна каса, а останатите се употребуваат за потребите на Областа. Според чл. 12 на споменатиов проект се инсистирало „слични реформи да се воведат и во Одринскиот вилает". Според дополнителните белешки проектов бил базиран најмногу врз решенијата на Цариградската конференција во 1876 година, врз проектот на Европската комисија за реформи во Турција во 1880 година и врз чл. 23 од Берлинскиот договор.[74]

---

[70] Cf. Д-р К. Битоски, op. cit., 99.

[71] Сл. Јованоић, op. cit., I, 369.

[72] Э. Палоташ, Idem., 136—7.

[73] Во врска со тоа, дипломатите на Австро-Унгарија и Русија во Цариград, Каличе и Зиновјев, презеле мерки за неутрализација на таквото настроение Cf. Э, Палоташ, Idem., 137—8.

[74] Projet des réformes à introduire en Macédonine pour arriver à la pacification de la population chrétienne revoltée, M-181 (француски микрофилм), Архив на Македонија, Скопје.

Э. Палоташ, Idem., 138; Д-р К. Битоски, op. cit., 125.

Фактички, спомenатиов проект бил изработен од Врховниот комитет (ВК) — и санкциониран од страна на Третиот македонски конгрес во ноември 1896 година во Софија.[75]

Спомнатиов проект на ВК просто бил игнориран од дипломатиите на Големите сили. Особено биле индигнирани од проектот на ВК амбасадорите на Германија и Австро-Унгарија во Цариград.[76]

Акцијата на ВК ја следела официјална Бугарија, која двапати се обидела, преку својот пратеник во Цариград, да го покрене македонското прашање, залагајќи се за реализирање на чл. 23 од Берлинскиот договор, но без успех.[77]

Слична судбина го снашла и Меморандумот на Сарафовиот комитет од 1900 година адресиран до владетелите на европските сили и султанот, а во врска со примената на чл. 23 од Берлинскиот договор.[78]

Грчко-турското зближување во 1898 година било иницирано од германската дипломатија. Турција неколкупати инсистирала да склучи воена конвенција со грчката влада. Плашејќи се, пред се, од реагирањето на Русија, Англија и Франција, Грција ги отфрлала таквите турски предлози. Меѓутоа, грчката влаоа изразила готовност да и помогне на Турција при ликвидирањето на немирите во Македонија, предизвикани од „разбојнички елементи".[79] Ваквото зближување довело до грчко-турската конзуларна конвенција од април 1901 година со која се овозможувало разгранување на грчката пропаганда во Македонија.[80]

Српско-бугарските односи од крајот на 1897 до почетокот на 1899 година биле крајно влошени. Српската влада на д-р Владан Ѓорѓевиќ (1897—1900 год.) еднострано ја отфрлила српско-бугарската спо-

---

[75] Haut Comité Macedonien, No 28/Sophia, le 1 Janvier 1899, — Son Excellence Monsieur l'Agent Diplomatique et Consul Général de France я Sophia, M-181, Arhiv na Makedonija, Skopje. Исто ваков пропратен циркулар на спомнатиов проект им бил врачен на дипломатските претставниии на сите Големи сили во Софија.

Претходниот проект на генерал Николаевиот ВМК од I половина на 1896 година содржи 12 члена. Предвидува, меѓу другото, од трите македонски вилаети да се образува еден со седиште во Солун. Притоа, ВМК сугерирал на постот валија со 5 годишен мандат да биде избран Алеко Богориди, односно Гаврил-паша Крстович. Тоа ја прави иелта на големобугарската буржоазија сосем проѕирна.

Види: Македония. Сборник на документи и материяли. БАН, София, 1978, 395—400.

Cf. Освободителната борба на българите в Македония и Одринско 1902—4 — Дипломатически документи. София, 1978, 31—33.

[76] Со исклучок на дипломатите на Италија и Англија.

„Можно е да се претпостави дека ВКМ не случајно го избрал имено тој момент за својот експеримент, т.е. тој се совпаднал со иницијативата на италијанскиот пратеник усмерена кон заедничка акција на Големите сили кај Портата со цел за воведување реформи во Македонија. Сепак на италијанскиот и англискиот пратеник не им успеало да ги наговорат своите колеги и обидот пропаднал." (Э. Палоташ, Idem., 139, ф. 62).

[77] Э. Палоташ, Idem., 138—139.

[78] Cf. A. Monsieur Le Président de la Republique Française, Sophia, 3 mars 1901, M-181.

(Меморандумот е потпишан од Сарафов и Ковачев).

[79] Д-р Р. Поплазаров, Грчката политика..., 30—31.

[80] Д-р. Р. Поплазаров, op. cit., 32.

годба од 1897 година.[81] До извесно подобрување на српско-бугарските односи дошло во почетокот на 1899 година по падот на Стоиловата влада во Бугарија и по разговорите водени помеѓу бившиот српски крал Милан и кнезот Фердинанд Кобуршки. Притоа веројатно се разговарало и за разграничување сфери на влијанија во Македонија. Меѓутоа односите помеѓу двете земји повторно се заостриле уште истата година, особено по изборот на Фирмилијана за владика од страна на Цариградската патријаршија.[82] Таа, 1899 година, поминала во знакот на српско-грчко зближување.[83]

Кон крајот на 1897 година д-р Владан Ѓорѓевиќ му направил куртоазна посета на султанот. Притоа побарал одредени концесии за Србија во врска со Македонија и изразил готовност за реализирање на идејата од 1894 година за склучување на српско-турска воена конвенција. Меѓутоа, сета работа се свела на Нацрт-договор за воен сојуз изработен на султанскиот двор, но не дошло до негова реализација.[84]

Кон крајот на векот, Бугарија преку својот пратеник во Атина направила нов обид за да ја придобие грчката влада за заеднички настап кај Портата за воведување реформи во Македонија. Меѓутоа, Грција тоа го условила со разграничување на влијателни сфери во Македонија. Бугарија го отфрлила грчкиот предлог. Веднаш потоа настапило повторно заострување на меѓусебните односи на двете земји[85]

Во пролетта 1899 година по средбата меѓу црногорскиот кнез Никола и бугарскиот кнез Фердинанд на повидок бил бугарско-црногорски сојуз под руско покровителство. Меѓутоа, до таков сојуз не дошло.[86]

6. Острите судири на романската и грчката пропаганда на теренот на Македонија довеле до обидот за романско-бугарско зближување. Меѓутоа, по убиството на уредникот на в. „Peninsula Balkanika" проф. Михајлјану извршено по налог на ВК во 1900 година, настапило влошување на романско-бугарските односи. За да ја избегне крајната затегнатост, бугарската влада во пролетта на 1901 година пристапила кон апсење на тогашниот претседател на ВК — Борис Сарафов.[87] Затег-

---

[81] Слободан Јовановић, Влада Александра Обреновића, књ. 2 (1897—1903) Београд, 1931, 69.

[82] Сл. Јовановић, Idem., 71—72.

[83] Проф. д-р Х. Батовски, Idem., 97.
Сл. Јовановић, op. cit., II, 74.

[84] Сл. Јовановић, op. cit., II. 73.

[85] Э. Палоташ, Idem., 141.

[86] Сл. Јовановић, op. cit., II, 72.

[87] Cf. Ordonnance de M. J. Th. Floresco, Concernant les personnes impliquées dans

1. L'assassinat de Fitowski,
2. L'assassinat de Mihaïléano,
3. le complot contre E. E. M. M. les Rois de Roumanie et de Serbie

Bucarest, 1900, M-182, Архив на Македонија, Скопје; Chambre des mises en accusation de la Cour d'Appel de Bucarest, Arret d'envoi No 122, —M—182, Архив на

натите романско-бугарски односи само го забрзале склучувањето на воена конвенција помеѓу Русија и Бугарија во пролетта на 1902 година.[88]

Во почетокот на 1901 година Борис Сарафо, самоиницијативно, во името на ВК, стапил во преговори со Света Симиќ, шеф на пропагандата при српското Министерство за надворешни работи и со Михајло Вујиќ, претседател на тогашната српска влада и министер за надворешни работи.[89] Преговорите завршиле без очекуваните резултати поради опструкцијата на кралот Александар.[90]

Владата на Михајло Вујиќ (март 1901—4 окт. 1902 год.)[91] во 1901 година повторно ја актуелизирала иницијативата на кралот Александар подигната во време на т.н. „Свадбено министерство" на Алекса Јовновиќ во 1900 година — за склучување на нова српско-бугарска спогодба врз база на разграничување влијателни сфери во Македонија. Меѓутоа, бугарската дипломатија не сакала да дискутира за тоа.[92]

Бератот за Фирмилијан и врховистичката провокативна акција крстена Горноџумајско „востание" во 1902 година ги прекинале и онака нежните конци кои воделе кон нормализација на српско-бугарските односи.[93]

Агитационата турнеја на претседателот на ВК Ст. Михајловски во Западна Европа во октомври 1902 година имала за цел да ги придобие владечките и дипломатски кругови на Австро-Унгарија, Англија и

---

Македонија; Copie de la Note remise par M. Th. Ivantchoff-Président du Conseil. Ministre des Affaires Etrangères, à M. U. Misu, agent diplomatique de Roumanie à Sofia, le 6/19 août 1900, №, 246, M-182, Архив на Македонија, Скопје.

Д-р К. Битоски, op. cit., 150, 154.

[88] Споменатава конвенција резултирала од сврзаноста на Романија со членките на Тројниот сојуз. (Австроунгарски-романскиот договор од 1883 година). Кон договорот се приклучила и Германија. Во 1892 година договорот бил возобновен. Овојпат кон договорот се приклучила и Италија. Cf. Меѓународни актове и договори..., 171—2, 309—310.

За склучувањето на оваа конвенција знатно придонел грофот Ламздорф кој уште во почетокот на 1901 година ја навестил можноста за формирање Европска комисија за примена на чл. 23 од Берлинскиот договор.

Cf. M. Delcasés, Ministre des Affaires Etrangères. au Marquis de Montebello, Ambassadeur de France à Saint-Pétersbourg, Paris, 9 mars 1901, (131), — Documents diplomatiques français (1871—1914), 2e série (1901—1911), Tome premier (2 janvier — 31 décembre 1901), Paris, MCMXXX, 169.

[89] Cf. Гл. Тодоровски, Еден документ од 1901 г. за обидите на Б. Сарафов за воспоставување врски со официјална Србија. Г ИНИ, 1963, VII/2, 259—269.

При сондирањето на теренот во Србија, покрај Сарафов, знатна улога одиграл Симеон Радев, Cf. Сл. Јовановић, Влада Александра Обреновића, II, 252—3.

[90] „Кралот Александар бил категорички противен на автономијата на Македонија. Тој сакал поделба на Македонија помеѓу нас и Бугарите ... Кралот пак бил непоколеблив во својот отпор против сè што би мирисало на автономија". (Сл. Јовановић, op. cit., II, 253—254).

Cf. Спомени на Дамянъ Груевъ, *Борисъ Сарафовъ* и Иванъ Гарвановъ, МНИ, София, 1927, 69—70.

[91] Сл. Јовановић, op. cit., II, 195—292.

[92] Сл. Јовановић, op. cit., II, 249.

[93] Cf. Сл. Јовановић, op. cit., II, 250.

Д-р Крсте Битоски, op. cit., 273.

Франција за врховистичката кауза. Притоа Ст. Михајловски се обидел да им ја открие „вистината" за врховистичката борба. Меѓутоа, „насекаде му правеле забелешки дека Европа нема да ги помага вештачките востанија во Македонија, но таа 'јуначки' ќе помогнела кога ќе се дигнело сенародно востание".[94]

По стапките на ВК тргнала и грчката пропаганда, целејќи по дипломатски пат да ја придобие наклоноста на Големите сили. Во 1901 година грчката влада се обрнала со нота до Големите сили, обвинувајќи ја Бугарија дека преку „бугарско-македонскиот" комитет во Софија диригирала со бугарската агитација која била директно вперена против елинистичките интереси во Македонија, а со самото тоа ги прекршила одредбите на Берлинскиот договор.[95] Познат е заедничкиот протестен проглас на друштвото „Елинизам" и Комитетот на македонската секција упатен до претставниците на Големите сили и Турција во Атина, како и до грчката влада — од март 1902 год. поради „злосторствата направени во Македонија против Грците".[96] Една година подоцна, Централниот македонски силогос во Атина им врачил Мемоар со слична содржина на амбасадорите на Големите сили акредирирани во Грција.[97]

7. Разгорот на македонското националноослободително движење знатно влијаел за зголемување интензитетот на ваквите дипломатски игри и пропагандни бескрупулозни сплетки и судири на балканските држави околу Македонија, како и врз дипломатската активност на европските сили за елиминирање на тоа движење. Виничката провала (1897 год.), судските процеси во Солун и Битола (1901 год.), Аферата Мис Стон, како и бројни други акции — ја извлекле Македонската револуционерна организација (МРО) од анонимноста и ја покажале нејзината разгранетост, масовност и сила. Затоа и не е чудно што МРО била трн во очите на балканските буржоазии и европските империјалистички кругови, кои во неа гледале главен соперник и тешка бариера на патот кон реализацијата на своите дамнешни аспирации кон Македонија. Нелидовата изјава во Цариград во 1897 година дека „за Русија не постојат во Македонија ни Срби, ни Бугари, а само Словени"[98], како и Гледстоновата девиза „Македонија на Македонците" — јасно покажувале дека за прогресивните европски дипломати не постои дилема во поглед на иднината на македонскиот народ. Меѓутоа, нивните ста-

---

[94] Д-р К. Битовски, op.cit., 274—277.

[95] Note de la Direction politique, Paris, 5 janvier 1901, (7), — Documents diplomatiques français, 2-e série, t. I, Paris, MCMXXX, 7.

[96] Εταιρεια ο ΕΛΛΗΝΙΣΜΘΣ, No 141, 17/30 mars 1902, — A son Excellence Monsieur le Ministre à Italie à Athénes. M-LIX/708 (Italijanski mikrofilm), Arhiv na Makedonija, Skopje;
ΕΤΑΙΡΕΙΑ ΕΛΛΗΝΙΣΜΟΣ, No 139, A son Excellence Monsieur le Ministre de France à Athénes, M-182 (franc mf) Архив на Македонија, Скопје.

[97] ΚΕΝΤΡΙΚΟΣ ΜΑΚΕΔΟΝΙΚΟΣ ΣΥΛΛΟΓΟΣ ΕΝ ΑΘΗΝΑΙΣ: Mémoire de L'Association centrale macédonienne d'Athénes, A leurs Excelences M. M. Les Ministres des Grandes Puissances à Athénes, Athénes le 17 avril 1903, M-LX/710 (Italij. mf.), Архив на Македонија, Скопје.

[98] Э. Палоташ, Idem., 122.

вови се коселе со официјалната империјалистичка агресивна политика на нивните држави, која всушност не сакала да ја испуштиа диригентската палка при креирањето на судбината на македонското прашање.

Оттаму Русија и Австро-Унгарија станале главни „миротворци" на немирното македонско поднебје. Нивната дипломатска поддршка на Портата „за смирување" на немирите во Македонија, фактички била вперена против македонското националноослободително движење со крајна цел за негово физичко ликвидирање. Руската политика, некогаш прогресивна во поглед на ослободителните движења на Балканот, овојпат во поглед на македонското ослободително движење заиграла на крајно конзервативна карта, согласно со своите дневни империјалистички интереси.[99]

Османската империја од познати причини ја негирала самородноста и самостојноста на македонското националноослободително движење. Тоа проличува и од нотата што Портата во март 1902 год. ја упатила до европските кабинети во врска со македонското движење Притоа инсистирала европските дипломатии да интервенираат кај бугарската влада за спречување активноста на комитетите во Турција[100]

Меѓутоа, ваквата турска фарса тешко можела да ги заведе дипломатиите на европските сили. Нивната разгранета дипломатска мрежа во Македонија будно ги следела настаните во македонското секојдневие, ги регистрирала зулумите и незаконијата на турската администрација и разбојничките банди, како и нагорниот од на македонското националноослободително движење.

Затоа европските сили, а посебно Австро-Унгарија и Русија како најзагрижени држави за зачувувањето на status-quo-то на Балканот соочени со растежот на македонското ослободително движење, го напуштиле својот поранешен иниферентен став спрема положбата на македонското население и овојпат настојувале Турција да воведе умерени реформи во Македонија.[101] Тие сметале дека со реформите ќе успеат да ги отстранат главните причини за немирите во Македонија, а со самото тоа ќе успеат полесно да го оттргнат македонското население од крилото на македонското ослободително движење.[102] Нивната замисла била да ја поткопаат базата на тоа движење, — со што лесно би го подготвиле неговото симнување од историската сцена.

8. Насетувајќи ја опасноста од непосредно странско мешање во нејзините внатрешни работи, Турција решила, преку спроведување на сопствена формална реформна програма, да ги предодврати стран-

---

[99] Cf. Э. Палоташ, Idem., 131—133.

[100] La question macédonienne et l'influence française en Orient (Considération sur le dernier „Livre jaune") par Gérard de Nqirval, Bruxelles, 1903, 27, M-LXXXVII/1036 (germanski mf.) Архив на Македонија, Скопје.

[101] Cf. Хр. Силяновъ, op. cit., 188
К. Битоски, Околу прашањето за воведување реформи во Македонија..., 144, 155—6.

[102] Cf. Хр. Силяновъ, op. cit., 188;
К. Битоски, Idem., 158—9.

ските намери. Кон крајот на 1902 година султанот издал директива за формирање на две комисии. Првата комисија имала задача на самиот терен да го следи спроведувањето на мерките за „подобрување" на положбата во румелиските вилаети. За главен инспектор на румелиските вилаети и раководител на споменатата комисија бил назначен Хусеин Хилми-паша, дотогашен валија во Јемен. Втората комисија била прикрепена кон Високата Порта со задача да ги проучува рапортите и предлозите на првата. Претседател на оваа комисија станал Фериз-паша дотогашен валија во Коња (Конија).[103] Тогаш било издадено т.н. Упатства за вилаетите во Европска Турција. Овие Упатства содржеле 18 члена — распределени во два дела. Првиот дел, што се однесувал на организацијата на реформните мерки, содржел четири глави посветени на администрацијата, судството, народната просвета и општествените работи. Вториот дел бил посветен на начинот на спроведувањето на реформните мерки во румелиските вилаети.[104]

Меѓутоа, овојпат европските сили не сакале да допуштат да останат надиграни. За тоа најмногу придонесло зголеменото револуционизирање на македонските маси. Европските дипломатии биле убедени дека со ваквите турски упатства од формален реформен карактер — не ќе може да се разбие предвостаничкиот амбиент во Македонија. Затоа тие пристапиле кон сопствена програма на реформи. Главни иницијатори и носители на таа реформна програма биле Русија и Австро-Унгарија. Мисијата на грофот Ламздорф во Белград и Софија била насочена кон создавање поволна клима во двете заинтересирани балкански држави за воведување такви реформи во Македонија за да би се зачувал statut-quo-то на Балканот.[105]

---

[103] Извештај од 1 декември 1902 г. на Едмонд Бапст, в. д. француски пратеник во Турција, упатен до францускиот министер за надворешни работи — Делкасе.
— Френската жълта книга по македонския въпросъ, Прѣвел Д. Ризов, издание на в. „Право", София, 1903, 30—31.

[104] Instructions concernant les Vilayets de la Turquie d'Europe, M-LIX/707 (Italijanski mf), Архив на Македонија, Скопје; наставления относително вилаетитѣ на Европейска Турция, — Френската жълта книга . . . , 32—34; К. Битоски, Околу прашањето . . . , 30—32.

Споменативе инструкции ги коментирал и италијанскиот конзул во Битола Висарт во своот извештај упатен до италијанскиот амбасадор во Цариград — Маласпина — и препратен (копија) до италијанскиот министер за надворешни работи во Рим

Cf. R-o Consolato d'Italia, No 172/81, Monastir 16 dicembre 1902, A Sua Eccelenza Il Ministro degli affari esteri Roma, (copie), No 171/44, Monastir 16 dicembre, 1902, A Sua eccelenza il Marchese Malaspina' Ambasciatore . . . d'Italia Constantino poli, M-LIX/707 (Ital. mf) Архив на Македонија, Скопје.

[105] Д-р. К. Битоски, op. cit., 287—291

Не е точно гледиштето на Гуч, дека Ламздорф, откако султанот го примил нацртот на „Февруарските" реформи „слегол до Белград и Софија". Cf. Г. П Гуч, Дипломатска историја модерне Европе. . . , 336.

Австроунгарско-рускиот проект на реформи од јануари 1903 година[106], прилагоден на германскиот вкус, бил прифатен и од англиската влада со забелешка дека спомнатиот проект „не го ограничува правото на Англија да бара проширување на реформите или да предложи сосема нови".[107]

Во февруари 1903 година споменатиов реформен проект и бил предложен на Портата и прифатен без приговор од нејзина страна.

Февруарските реформи ги содржеле „следниве поглавни точки: реорганизирање на полицијата и жандармеријата со помошта на странски офицери во турска служба; одделен буџет за трите вилаети контролиран од Отоманската банка, која од даночните приходи редовно ќе ги исплаќа платите на чиновниците; заменување на десетокот со земјишен данок; полјаците Турци во христијанските села се заменуваат со христијани; се создава специјален инспекторат за трите вилаети. Оваа последна точка беше земена од султанскиот проект. Нешто повеќе, Силите го признаваат за главен инспектор назначениот веќе од султанот Хилми-паша, така што тој добиваше двојно својство: чиновник на својот господар и мандатор на реформските сили".[108]

Февруарските реформи иронично наречени „Падарски реформи" — иако умерени, поради отсуството на ефикасна странска контрола, не биле целосно применети во стварноста.[109] Без оглед на тоа, Реформите евидентно го покажале несмалениот интерес на европските сили кон Македонија, давајќи му на македонското прашање примат на европската дипломатска сцена.[110]

Направените пропусти во поглед на примената на овие реформи европските дипломати ќе се обидат да ги отклонат во друга прилика (по замирањето на Илинденското востание) со познатите Мирцштегски реформи.[111]

---

[106] Die Grosse Politik der Europaischen Kabinette (1871—1914), Achtzehnter Band, Erfter Tail, Berlin, (Anlage — Österreichisch-russische Punktationen, vereinbart zwischen dem russischen Minister des Außern Grafen Lamsdorff und dem österreich-ungarischen Minister des Außern Grafen Goluchowski in Wien, Januar 1903), 227—228.

[107] Хр. Силяновъ, op. cit., 192.

Cf. Г. П. Гуч, op. cit., 336;

К Битоски, Околу прашањето... 157.

[108] Хр. Силяновъ op cit., 192.

Австроунгарско-рускиот проект предложен на Портата ги содржел следниве седум главни пункта: I. Генерален инспектор; II. Валија; III. Полиција и жандармерија; IV. Полјаци; V. Арнаути (Албанци, м. б.); VI. Амнестија и VII. Финансии.

Cf Documents diplomatiques français (1871—1914) 2-e série (1901—1911), tome III (3 janvier — 4 octobre 1903), (Note de l'Ambasade d'Autriche-Hongrie, Paris 17 février 1903), Paris, MCMXXXI, 115—118.

[109] Хр Силяновъ, op. cit., 193;

К. Битоски, Околу прашањето..., 157—9.

[110] „Почнала ерата на изработка на злогласните македонски реформи". (Э. Палоташ, Idem., 146).

[111] Cf. Христо Андонов Полјански, Ситуацијата во Македонија по Илинденското востание и Мирцтегските реформи. — Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје, Скопје, 1955, т. 8, 5—58.

9 Во периодот од Берлинскиот конгрес до Илинденското востание (1878—1903 год) македонското прашање најчесто се наоѓало во сферата на вниманието на следниве европски државници и дипломати: англиските премиери Дизраели, Гледстон, Розбери, Солзбери и Балфур; англиските министри за надворешни работи Гранвил, Кимберли и Лансдаун; заменикот англиски министер за надворешни работи сер Едвард Греј; германските рајхсканцелари Бизмарк, Каприви, Шилингсфурст и Билов; германските државни секретари за надворешни работи Вилденбург, Херберт Бизмарк, Биберштајн и Рихтхофен; француските премиери Ваддингтон, Фрејсине, Гамбета, Фери, Гоблер, Рувје, Флуранс, Рибо, Мелин, Огист-Буржоа, Валдек-Русо; француските министри за надворешни работи: (X) Аното и Теофил Делкасе; италијанските премиери Каироли, Криспи, Рудини; италијанските министри за надворешни работи: Робилан, Блан, Сермонета, Каневаро, Висконти-Веноста[112], како и веќе спомснатите руски и австро-унгарски министри за надворешни работи Горчаков, Гирс, Лобанов-Ростовски, Муравјев, Ламздорф; Андраши, Хајмерле, Калноки и Голуховски

Посебно значајна мисија при третирањето на македонското прашање имале амбасадорите на европските велесили акредитирани во Цариград. Притоа се истакнале: руските пратеници Нелидов и Зиновјев; австроунгарскиот амбасадор, баронот Каличе; англиските амбасадори: Вајт, Форд, Кари и Никола О'Конор; француските абасадори: Монтебело, Пол Камбон и Ернест Констан; италијанскиот дипломат Алберто Блан; како и германски теамбасадори: Вилденбург, Радовиц, Радолин и Биберштајн[113]

Притоа не треба да се запостави влијанието на конзулската мрежа на европските сили во Македонија врз третирањето на македонското прашање, како и местото и улогата на дипломатските мрежи на балканските држави во Турција врз кроежот на судбината на македонскиот народ во третираниот период (1878—1903 год.).

* * *

Во третиранов четвртвековен период (1878—1903 год.) на самостојно егзистирање на македонското прашање на европската дипломатска сцена, датира, како што веќе истакнавме, генезата и развојот на организираното македонско националноослободитлно движење, кое како самобитен, самостоен фактор било насочено кон самостојно разрешување на македонското прашање. Неговата појава во мошне сложена меѓународна констелација на блоковска поделеност на европските империјалистички сили, полуколонијалниот статус на Османската империја и разгранетата дејност на црквено-просветните пропаганди во Македонија од страна на соседните балкански големодржавни аспиранти

[112] Cf. Акад. Ф. А. Ротштейн, op. cit., 652—701.
[113] Ibidem.

на македонската земја — дошла токму навреме за да го спречи распарчувањето на живото тело на поробениот македоски народ од страна на аспираторските канџи на странските големодржавни елементи. Со самото тоа, македонското националноослободително движење претставува евидентна негација на бескрупулозните дипломатски игри околу Македонија и големодржавното манипулирање со македонското прашање.

D-r Dimitar Dimeski

## DIE DIPLOMATISCHEN ASPEKTE DER MAKEDONISCHEN FRAGE

(Zusammenfassung)

Der Vefasser behandelt die stürmische fünfundzwanzigjährige Zeitperiode (1878—1903) selbständigen Bestehens der Makedonischen Frage auf der europäischen diplomatischen Szene. In der erwähnten zwischen dem Berliner Kongreß und Ilinden-Aufstand in Makedonien zusammenfallenden Zeitperiode ist eine skrupellose Manipulierung mit der Makedonischen Frage seitens der europäischen Großmächte und inbesondere der Balkanländer entsprechend deren täglichen und weitreichenden Interessen anwesend.

Ein besonderer Akzent ist auf die Genese und Entwicklung der organisierten, makedonischen nationalen Befreiungsbewegung gestellt, die als selbständiger und wesentlicher Faktor auf die selbständige Lösung der Makedonischen Frage gerichtet wurde. Ihre Erscheinung kam in einer sehr komplizierten internationalen Konstelation der Blockverteilung der europäischen imperialistischen Großmächte, halbnationalen Statutes der Osmanschen Imperie und verbreiteter Tätigkeit der kirlich-aufklärerischen Propaganda in Makedonien seitens der benachbarten, balkanischen großstaatlichen Aspiranten auf das makedonische Land grade rechizeitig, um die Zerstückelung des lebenden Körpers des unterdrtückten Volkes seitens der fremden großstaatlichen Elemente zu verhindern.

Alles Dieses berücksichtigend, stellt die makedonische nationale Befreinugsbewegung eine evidente Negation der skrupellosen diplomatischen Spiele um Makedonien und der großstaatlichen Manipulierung mit der Makedonischen Frage dar.